Во акта - Архива
Рок на чување
20 г. Скопје

Трговско радиодифузно друштво
24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Бр. 03-1107/1
15.08.20 18 год.
Подружница - Скопје

24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Трговско радиодифузно друштво
Ул. Железничка бр. 12, 2000 Штип
Тел: ++389(0)32 612-609
Подружница Скопје, 852 бр. 58, 1000 Скопје
Тел: ++389(0)2 60 90 524 ; 60 90 024
web: www.24vesti.mk
e-mail: desk24@vesti.mk , marketing@24vesti.mk
ЕДБ:МК 4030008051209; Ж. с-ка: 210064299470169; Тутунска Банка

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3735 | 1 | |

ДО:
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.3
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење и забелешки во врска со Нацрт – Препораките за медиумско претставување за време на Референдумот Септември 2018

ОД:
Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. "Железничка" бр. 12, Штип, застапувано од Управителот Зоран Анастасовски

Почитувани,

Во врска со Нацрт – Препораките за медиумско претставување за време на Референдумот септември 2018 (во понатамошниот текст само: Препораките), Ве известуваме дека телевизијата 24 има неколку забелешки на предложените Препораки.

Станува збор за следните забелешки:

1. Во делот **I Основни начела, точката 9** сметаме дека треба да биде преформулирана како препорака а не како забрана за уредниците, новинарите и водителите **не смеат** да уествуваат во јавна пропаганда , бидејки со насловната Препорака се препорачува како да се известува од страа на медиумите, која препорака не се носи врз основа на Изборниот законик, ниту пак врз основа на Законот за референдум и други облици на непосредно изразување на граѓаните, а не се утврдуваат обврски и права за медиуите, кои пак треба да се утврдуваат само врз основа на некој закон. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно закнот е независно регулаторно тело кое врши поттикнување на слободата на изразување, но и грижа за интересите на граѓаните од областа на аудио и аудиоедиумските услуги, но не е законодавно тело кое наметнува обврски за учесниците во правниот режим од областа на медиумите, па оттаму сметаме дека терминологијата **„треба„ , „не смее„ , „мора„ , „е должен„** и сл. ќе мора да се замени со соодветна терминологија од типот: **„се препорачува„ , „смета дека„** и сл. Во врска со правилната употреба на терминологијата во Препораката, истата треба да биде имплементирана секаде каде во нацрт – тектот на Препораката се употребени термините **„треба„ , „не смее„ , „мора„ , „е должен„** и сл.

24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Трговско радиодифузно друштво
Ул. Железничка бр. 12, 2000 Штип
Тел: ++389(0)32 612-609
Подружница Скопје, 852 бр. 58, 1000 Скопје
Тел: ++389(0)2 60 90 524 ; 60 90 024
web: www.24vesti.mk
e-mail: desk24@vesti.mk , marketing@24vesti.mk
ЕДБ:МК 4030008051209; Ж. с-ка: 210064299470169; Тутунска Банка

2. Во делот **IV Платена јавна пропаганда, во точката 30** сметаме дека треба да се определи засебно време за платената јавна пропаганда, а не како што е предвидено во Препораката, истата да биде во рамките на постојното време за рекламирање на реален час, бидејки со ваквата препорака, која понатаму пак е обврзувачка а не советодавна, се нарушува комерцијалното работење на медиумот. Ако државата ни наметнува вакви обврски, тогаш за тетата што ќе ја претрпиме поради можноста од губење на приходи од веќе договорените, но и идни огласували, истата ќе треба да ни биде надоместена од налогодаввачот за едно вакво решение (кое пак не е ниту уреденно во законот). Во ЗААВМУ е предвидено времетраењето само на комерцијалните комуникации на реален час, а не е предвидено времетраењето на платена јавна пропаганда, која се разликува од комерцијалните комуникации во целост. Во **точката 31** на истиот дел, е предвидено медиумите да не отстапуваат дополнително време на јавната пропаганда од времето предвидено за законските лимити за рекламирање, што не соодветствува ниту со законите, ниту со комерцијалните правила на рабтење на медиумот. Во конкретниот случај, покрај задолжителноста од препораката (што во случајот веќе не е препорака туку обврска), се поистоветуваат спротивно на законот комерцијалните комуникации (рекламите) со јавната пропаганда. Оваа препорака треба да биде избришана во целост.

3. Во делот **IV Платена јавна пропаганда, во точката 32** сметаме дека Агенцијата треба да утврди кои субјекти се „заинтересирани страни„ и кои субјекти можат да водат јавна пропаганда за Референдумот септември 2018. Исто така делот од точката која предвидува дека „заинтересираната страна" може да откупи најмногу пола од предвидениот законски лимит за рекламирање треба да се избрише во целост, или пак доколку некаде во некој закон постои ваква обврска и забрана, за истата да не извести благовремено, бидејки ние сметаме дека ваквата препорака (која повторно е напиишана како обврска) е спротивна со законите на РМ.

4. Во делот **IV Платена јавна пропаганда, во точките 33, 34, 35, 36, 37 и 38,** Агенцијата им наметнува обврски на медиумите утврдени во Изборниот законик, а не во Законот за референдум и други облици на непосредно изразување на граѓаните, па сметаме дека истите треба да се избришат или да се преформулираат стриктно како препораки, но никако не можат да бидат утврдени како обврска за медиумите.

Со оглед дека станува збор за матерրија за која немаме стриктно законско уредување, сметаме дека Агенцијата може да даде само препораки како да се известува професионално и

24 ВЕСТИ ДООЕЛ
Трговско радиодифузно друштво
Ул. Железничка бр. 12, 2000 Штип
Тел: ++389(0)32 612-609
Подружница Скопје, 852 бр. 58, 1000 Скопје
Тел: ++389(0)2 60 90 524 ; 60 90 024
w e b : w w w . 2 4 v e s t i . m k
e - m a i l : desk24@vesti.mk , marketing@24vesti.mk
ЕДБ:МК 4030008051209; Ж. с-ка: 210064299470169; Тутунска Банка

непристрасно, но никако нема надлежност ниту пак право да утврдува обврски за медиумите од типот на обврските утврдени во Нацрт – Правилникот.

Со надеж на позитивна реакција на овие наши забелешки, однапред Ви се заблагодаруваме.

Со почит,

Штип 14.08.2018г.

За ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

Зоран Анастасовски

Трговско радиодифузно друштво 1 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Подружница-Скопје